MACEDONIAN SPORT CLIMBING FEDERATION

## МАКЕДОНСКА СПОРТСКО КАЧУВАЧКА ФЕДЕРАЦИЈА

*** СУДИСКА КОМИСИЈА ***

# ПРАВИЛНИК

# ЗА

# НАТПРЕВАРИ НА ПРИРОДНА КАРПА - ДИСЦИПЛИНА БОЛДЕР

Член - 1

Натпреварот се изведува на камени блокови кои се добри за поставување обезбедување. Блоковите за категорија млади до 14 години со висина до 3м. А за сите останати категории со висина до 5м.

Член -2

Натпреварите ќе се изведуваат како маратони со максимум 8 блока за качување.

Член – 3

Времето за натпреварот се ограничува на најмалку 2 часа. А секој натпреварувач има право на 5 обиди на еден болдер.

Член -4

Секој клуб е должен да поседува душеци за обезбедување и истите да ги носи на натпревар.

Член – 5

За успешно искачен болдер се смета само оноај на кој е достигнат врв (топ). Зона (бонус) на линијата одредува рут сетерот на натпреварот.

Член-6

Тежината на линијата за качување се определува според категоријата и квалитетот на натпреварувачите. Но во соодност 30% лесни, 40% средно тешки 20% тешки линии.

Член-7

Секоја насока задолжително има свој судија, кој ги бележи остварените резултати. Секое натпреварувачко ливче мора да биде потпишано од судијата на болдерот кога натпреварувачот ги завршил сите предвидени обиди или ја искачил насоката.Насока без потпис на судија не се признава!

**МАКЕДОНСКА СПОРТСКО КАЧУВАЧКА ФЕДЕРАЦИЈА**

*** СУДИСКА КОМИСИЈА ***

Член – 8

Сите блокови за качување да бидат во еден мини сектор.

Член -9

Во случај на два или повеќе исти резултати се дава дополнителен болдер за искачување.

Член -10

Бодување се врши само доколку во една категорија има најмалку 3 натпреварувачи.

Член – 11

Право на настап имаат само лиценцирани членови на клубовите при МСКФ. Списокот за секој натпревар по одделно се доставува 3 дена пред натпреварот до организаторот!

Член -12

Организаторот, изготвува список на натпреварувачи по категории според пријавите од клубовите. Натпреварувачи надвор од овој список нема да можат да се натпреваруваат.

Член – 13

Организаторот е должен да обезбеди, дипломи и медали за трите прво пласирани по категории!

Член – 14

МСКФ е должна да обезбеди средства за судиите на натпреварот.

Овој правилник е разгледан и усвоен на состанокот на МСКФ во Демир Капија на 31.01 2021год.

Претседател на Судиска комисија

Христо Белакапоски